РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# Б И Л Т Е Н

Март 2010



Скопје, мај 2010

# РЕЗИМЕ
# НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

## Март 2010 година

- Намалување на индексот на индустриско производство во март 2010 година во споредба со истиот месец од претходната година за 11,2%

- Годишен раст на општото ниво на цени од 0,7% и месечна инфлација од 0,5%

- Значителен раст од 15,9% на извозот на стоки и намалување на увозот на стоки за 9,2% во првиот квартал оваа година во однос на истиот лани

- Помалку остварени вкупни приходи на Централниот буџет за 10,3% (4,1% од БДП) и вкупни расходи за 2,9% (5% од БДП) во март 2010 година во однос на истиот месец лани

- Помалку засновани нови работни односи во март 2010 година од 1,4% во однос на истиот месец лани

# 1. Реален сектор

**1.1. Индексот на индустриското производство во март 2010 година во однос на истиот месец од претходната година забележа пад од 11,2%**, што претставува трето последователно намалување на индексот на индустриско производство во првото тримесечје од 2010 година.

Анализирано по сектори, секторот Снабдување со електрична енергија, гас и вода единасетти месец по ред регистрира позитивен раст, при што истиот во март 2010 година повторно беше двоцифрен и изнесуваше 10,6%. Секторите Вадење на руди и камен и Преработувачка индустрија забележаа двоцифрен пад од 23,2% и 13,9%, соодветно.




Во рамки на преработувачката индустрија позитивен годишен раст е регистриран кај 50% од гранките, при што раст е забележан кај сите гранки со најголемо учество во структурата на индустриското производство. Така, висок раст е остварен кај производството на основни метали од 39,6%, потоа кај производството на облека од 15,3%, што укажува на подобрување на состојбите во текстилната индустрија, додека кај производството на прехранбени производи зголемувањето изнесува 3,3%.

Најголем позитивен придонес во годишниот раст на индустриското производство има зголеменото производство на основни метали (4,5 процентни поени), а најголем негативен придонес има производството на кокс и деривати на нафта (-3,9 процентни поени).

Индексот на индустриското производство во март 2010 година во споредба со претходниот месец забележа двоцифрен раст од 11,9%.

Десезонираниот месечен раст на индустриското производство во март 2010 година изнесува 5,5%, односно доколку се исклучи сезонската компонента растот е понизок за 6,4 процентни поени.




Според оценката на раководителите на претпријатијата, тековната економска состојба на претпријатијата и обезбеденоста на производството со порачки во март 2010 година се поднеповолни во однос на претходниот месец.

Според раководителите, најголемо влијание на ограничувањето на обемот на производството во февруари 2010 година имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 26,3%, недоволната домашна побарувачка со 19,3%, финансиските проблеми со 11,7% и неизвесното економско окружување со 9,1%.

Бројот на работници во индустријата во март 2010 година во споредба со март 2009 година забележа намалување од 6,5%, што претставува враќање на тенденцијата на снижување на стапката на пад по нејзиниот прекин во февруари, кога падот изнесуваше 7,6%. Ова, исто така, претставува најниска остварена стапка на намалување на бројот на работници во индустријата во последните осум месеци.

Секторската анализа покажува намалување на стапките на пад во сите индустриски сектори. Така, најинтензивно намалување на стапката на пад на бројот на работници од 1,3 процентни поени е забележано во преработувачката индустрија и истата изнесува -6,8%. Во секторот Вадење на руди и камен регистриран е ист тренд на намалување, при што стапката на пад на бројот на работници се спушти на нивото од април 2008 година и изнесува -7,6%, додека во секторот Снабдување со електрична енергија стапката на пад е меѓу пониските споредено со стапките регистрирани претходните месеци и изнесува -2,3%.

**1.2. Во март 2010 година цените на производите за лична потрошувачка, мерени преку индексот на трошоци на живот се повисоки за 0,7% во однос на истиот месец од претходната година**.




Растот на општото ниво на цени се должи најмногу на зголемувањето на цените во категоријата Домување од 4,5%, како последица на растот на цените за греење и осветлење од 7,9%. Категоријата Сообраќајни средства и услуги забележа раст на цените од 4,2%. Во категоријата Хигиена и Здравје е забележан раст за 1,6%, додека во категоријата Тутун и пијалаци растот на цените изнесува 0,5%, а кај категориите Облека и обувки и Култура и разонода 0,4%. Падот на цените во категоријата Исхрана, од 1,9%, која воедно има и највисоко учество во пресметковната структура од 38,6%, влијаеше растот на општото ниво на цени да биде поблаг. Пад на цените, исто така, се забележа и во категоријата Ресторани и хотели од 0,5%.

Индексот на трошоци на живот во март 2010 година во споредба со февруари 2010 година е повисок за 0,5%.

Вредноста на потрошувачката кошница за исхрана и пијалаци за четиричлено домаќинство за март 2010 година, пресметана врз основа на цените на мало, изнесува 12.336 денари и во однос на претходниот месец е повисока за 0,4%.




Индексот на цените на мало во март 2010 година забележа зголемување од 2,3% во однос на март 2009.

**1.3. Во март 2010 година на светските берзи имаше месечно зголемување на цените на енергентите, металите како и на најголемиот дел од прехранбените производи.**

Во март цената на нафтата на светската берза се зголеми за 6,7% во однос на претходниот месец и достигна цена од 79,3 долари за барел. Споредено со март претходната година, цената на нафтата е зголемена за 69,2%.

Во рамки на металните производи, никелот-производ со високо учество во македонскиот извоз, забележа месечно зголемување на цената од 18,4% и достигна ниво од 22.461 долари за еден метрички тон ($/мт). Споредено со март претходната година цената на никелот е повисока за 131,7%, а цената на бакарот имаше раст (од 8,9%). Исто така, раст на цената е забележан кај алуминиумот од 7,6% и кај цинкот од 5,5% .

## 2. Надворешен сектор

**2.1. Во првиот квартал од 2010 година вкупната надворешно-трговска размена (изразена во евра) се намали за само 1,3% во однос на истиот период минатата година.**




Притоа, физичкиот обем на извозот е намален за само 1,8%, а неговата вредност изнесува 465,1 милион евра, што претставува значителен раст од 15,9%. Намалувањето на увезените количини на стоки изнесува 17,2%, а нивната вредност од 797,2 милиони евра е помала за 9,2%.

При вакви движења на извозот и увозот на стоки, дефицитот во размената остварен во првиот квартал оваа година изнесува 332 милиони евра, што претставува стеснување на годишно ниво за 30,3% (144,3 милиони евра), при што најголем придонес има растот на позитивното салдо во размената со железо и челик и нивни производи. Покриеноста на увозот со извоз во првите три месеци изнесува 58,3%, што на годишно ниво претставува значајно позитивно поместување од 12,7 процентни поени.

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-III-2009 | I-III-2010 | Салдо 2010-2009 | Стапки во% |
| 000T | 73,4 | 67,1 | -6,3 | -8,6 |
| Мил. ЕУР | 23,3 | 30,4 | 7,1 | 30,5 |
| Мил.$ | 30,3 | 42,0 | 11,7 | 38,6 |

*)Претходни податоци

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-III-2009 | I-III-2010 | Салдо 2010-2009 | Стапки во% |
| 000T | 429,7 | 233,2 | -196,5 | -45,7 |
| Мил. ЕУР | 102,3 | 95,9 | -6,4 | -6,3 |
| Мил.$ | 133,4 | 133,3 | -0,1 | -0,1 |

*)Претходни податоци




**2.2. Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во овој период се: облека 22,2%, железо и челик 21,8%, метална руда и метални отпадоци 8,3%, пијалоци и тутун 6,8%, нафта и производи од нафта 6,5% и овошје и зеленчук 3,5%.** Овие шест групи производи сочинуваат 69% од вкупниот извоз на државата.

Најголем дел од кумулативниот увоз на стоки во

првиот квартал отпаѓа на: нафта и производи од нафта (95,9 мил. евра, 12%), железо и челик (59,6 мил. евра, 7,5%), друмски возила (58,5 мил. евра, 7,3%), текстилни предива и слично (58,2 мил. евра, 7,3%), електрични машини, апарати и делови (25,3 мил. евра, 3,2%) и друго.

**2.3.** Гледано по региони, во првиот квартал од 2010 година, при благ раст на трговска размена со Европската унија (ЕУ 27), учеството на размената со ова интеграција во вкупната надворешно-трговска размена бележи позитивно поместување за 2,9 процентни поени (п.п.) и изнесува 55,9%, при што извозот на стоки учествува со 63,2% и увозот на стоки со 51,6%. Извозот во Европската Унија бележи значајно зголемување од 22%, а увозот бележи забавен пад од 4%, во однос на истиот период од 2009 година.

Во првиот квартал од 2010 година, 90,7% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во трговската размена со Русија, Кина, Србија, Турција, Велика Британија, Словенија, Романија, Грција и Италија, додека истиот беше корегиран со остварениот суфицит во размената со Косово, Белгија, Германија, Бугарија, Албанија, Босна и Херцеговина и друго.

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-III-2009 | I-III-2010 | Салдо 2010-2009 | Стапки во% |
| 000T | 116,5 | 152,8 | 36,3 | 31,2 |
| Мил. ЕУР | 72,2 | 101,3 | 29,1 | 40,3 |
| Мил.$ | 93,4 | 140,0 | 46,6 | 49,9 |
| *)Претходни податоци | | | | |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-III-2009 | I-III-2010 | Салдо 2010-2009 | Стапки во% |
| 000T | 115,6 | 154,3 | 38,7 | 33,5 |
| Мил. ЕУР | 62,1 | 59,6 | -2,5 | -4,0 |
| Мил.$ | 47,7 | 82,3 | 34,6 | 72,5 |
| *)Претходни податоци | | | | |

**2.4.** Гледано по валутна структура 74,3% од надворешно-трговската размена е реализирана во евра и во однос на истиот период минатата година претставува намалување од 1,6 процентни поени (п.п.). На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 77,3% и 72,6%, соодветно и во однос на истиот период лани застапувањето на еврото во размената бележи намалување од 7 п.п. кај извозот, а застапувањето на еврото кај увозот бележи минимален раст од 0,7 п.п..

**НАДВОРЕШНО-ТРГОВСКА РАЗМЕНА на Република Македонија (по валути); пресметка: МФ**

**- по валути -**

| извоз | I-III 2009 | | | | | I-III 2010 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во %) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 т | извоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | извоз во денари | структ. во % | колич. 000 т | извоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | извоз во денари | структ. во % | | |
| EUR | 665 | 477.842.201 | 61,2908 | 29.287.330.773 | 78,0 | 397 | 339.401.339 | 61,4067 | 20.841.516.204 | 84,7 | -138.440.862 | -29,0 |
| USD | 152 | 196.832.015 | 40,9350 | 8.057.318.534 | 21,5 | 130 | 76.490.825 | 47,0742 | 3.600.744.394 | 14,6 | -120.341.190 | -61,1 |
| EUR+USD | 817 | | | 37.344.649.307 | 99,4 | 526 | | | 24.442.260.598 | 99,3 | | |
| вк извоз: | 820 | | | 37.556.686.369 | 100,0 | 527 | | | 24.619.867.350 | 100,0 | | -34,4 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

## 3. Фискален сектор

**3.1. Во првиот квартал 2010 година вкупните приходи на Централниот буџет изнесуваа 17.463 милиони денари (4,1% од БДП), што претставува помало остварување за 10,3% во однос на истиот период минатата година.**




Даночните приходи во овој период се реализирани во износ од 15.845 милиони денари, што претставува помало остварување за 7,7% во однос на лани.

Учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во првото тримесечје од 2010 година е доминантно и изнесува 51,8%, а на акцизите 18,8%, при што, од овие два даноци се остварени приходи од 11.180 милиони денари, односно 70,6% или речиси 3/4 од вкупните даночни приходи (2,6% од БДП). Гледано по одделни категории на даноци, приходите од персоналниот данок се зголемени за 4,0% споредено со истиот период лани, а приходите од ДДВ забележаа раст од 0,4%, исто како и акцизите. Најголем пад од 56% оствариja приходите од данокот на добивка (значителен е падот по основ на месечни аконтации, делумно поради изменета регулатива во 2010 година-истиот да се плаќа само на непризнаените расходи). Истовремено, приходите од царина се намалени за 26,9%, а неданочните приходи за 32,9% во однос на истиот квартал лани.

Социјалните придонеси од плата во овој период се остварени во износ од 9.175,6 милиони денари, што е за 3,6% помалку во споредба со претходната година.

**3.2. Во првото тримесечје од 2010 година вкупните расходи на Централниот буџет изнесуваа 21.155 милиони денари (5,0% од БДП), што е помалку за 2,9% во однос на истиот период од 2009 година.**

Во структурата на реализираните вкупни расходи тековните расходи (18.509 милиони денари) учествуваа со 87,5% и се помали за 5,1% во однос на истиот квартал минатата година, додека капиталните расходи учествуваа со 12,5%.

Најголеми расходни ставки се трансферите (10.331 милиони денари), а втори по големина се платите и надоместоците (5.396 милиони денари). Во вкупните расходи на Централниот буџет, расходите за плати и надоместоци во овој период учествуваа со 25,5% и во однос на истиот месец лани се зголемени за 5,2%.

Расходите за стоки и услуги се извршени во износ од 2.584 милиони денари, односно имаа поголемо остварување во споредба со 2009 година за 3%.

Во делот на трансферите, во овој период се потрошени помалку средства за 9,1% споредено со истиот квартал 2009 година и претставуваа најголема расходна ставка, односно учествуваа со 48,8% во вкупните расходи (2,4% од БДП). Ваквото остварување се должи во дел и на фактот дека во дотациите до единиците за локална самоуправа се трансферира дел од данокот на додадена вредност, а се зголемува и бројот на единици

за локална самоуправа кои преминаа во втората фаза на децентрализација, при што се исплаќаат блок дотациите на 69 општини за финансирање на пренесените надлежности (средствата за исплата на плати и надоместоци на вработените во локалните јавни установи и материјалните трошоци). Исто така, значаен дел од средствата за трансфери се наменети за субвенции во земјоделството. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување се извршени во износ од 3.566 милиони денари или за 74 милиони денари помалку (2,0% намалување).

Каматите се реализирани во износ од 198 милиони денари што е помалку за 2 пати (или за 51,5%) во споредба со истиот квартал во 2009 година.

Во анализираниот период средствата за капитални расходи изнесуваа 2.646 милиони денари, што претставува зголемување од 15,9% во споредба со истиот период во 2009 година, односно 0,6% од БДП.

**3.3. Оттука, во првите три месеци од 2010 година остварен е дефицит на Централниот буџет од 3.692 милиони денари (0,9% од БДП), додека дефицитот на консолидираниот буџет е 4.099 милиони денари и претставува 0,97% од БДП.**

## 4. Монетарен сектор

**4.1. Во март 2010 година примарните пари[1] забележаа раст од 19,8% на годишна основа (раст од 19,3% во февруари) во услови на пораст на вкупните ликвидни средства на банките од 33,7% и зголемена побарувачка на готовите пари во оптек за 4,2%.**

На месечна основа примарните пари забележаа пад од 2,3%, што се должи на пониското ниво на вкупните ликвидни средства на банките од 4,0% и зголемување на побарувачката на готовите пари за 0,3%.

Во март 2010 година, во услови на тендер на износи, каматната стапка на благајничките записи е иста со стапката за месец февруари и изнесува 7,5%, со напомена дека каматната стапка е намалена на 31 март и изнесува 6,5%.

Каматната стапка на државните хартии од вредност изнесува 4,99% за шестмесечните државни записи со девизна клаузула.

Беше одржана само една аукција на шестмесечните државни хартии во услови на тендер со износи (ограничен - со цена).

**4.2. Вкупниот депозитен потенцијал на недржавниот сектор[2] во март забележа раст од 11,4% на годишна основа (раст од 8,7% во февруари 2009 година). На месечна основа вкупните депозити регистрираат забавен раст од 0,8% (раст од 0,2% во претходниот месец), како резултат на зголемувањето на вкупните депозити на домаќинствата кои оствари раст од 1,7% на месечна основа, додека вкупните депозити на претпријатијата оствари раст од 0,8% на месечна основа.**

---

[1] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек, готовината во благајна и сметките на банките вклучително задолжителната резерва на девизните депозити

[2] Вкупниот депозитен потенцијал ги вклучува немонетарните и квази депозитите.

На годишно ниво денарските депозити забележаа раст од 7,7%, додека девизните депозити остварија пораст од 14,80%.[3] На месечно ниво денарските депозити забележаа раст од 2,1%, додека девизните депозити остварија раст од 0,8%.[4]




Од аспект на секторската структура депозитите на корпоративниот сектор бележат раст од 0,8% на месечно ниво, а заштедите на населението од 1,7%. На годишно ниво, пак, депозитите на населението се повисоки за 19,9%, додека депозитите на претпријатијата се пониски за 3,2%.

**4.3 Во март 2010 година вкупните кредити кон приватниот сектор забележаа умерено зголемување на растот на годишна основа кој изнесува 2,5% (наспроти 3,5% во јануари и 2,4% во февруари). На месечно ниво продолжи минатомесечниот пораст со умерена динамика од 0,6%, што произлегува главно од зголеменото кредитирање во корпоративниот сектор од 0,8%.**

На годишна основа, пласманите кон населението и претпријатијата се зголемија за 0,5% и 3,8%, соодветно.

Од аспект на валутата, денарските кредити (кои ги вклучуваат и кредитите со валутна клаузула) бележат побавен раст од 2,6% на годишно ниво. Девизните кредити бележат умерен раст од 2,4% на годишна основа.

**4.4. Во март 2010 година просечната пондерирана каматна стапка на денарските кредити изнесува 9,8% и е иста со стапката во месец февруари 2010 година.** Просечната каматна стапка на девизните кредити е идентична со стапката од претходниот месец и изнесува 7,3%. Во однос на минатата година се забележува олеснување на каматните кредитни услови на банките, односно просечната каматна стапка на денарските кредити оствари пад од 1,8 п.п. Од друга страна, пак, каматната стапка на девизните кредити забележа пад од 0,6 п.п. на годишна основа.

Меѓу банките, анализирано според големината, големите банки имаат најниска пондерирана активна каматна стапка, 9,5% за денарски и 7,0% за девизни кредити. Пасивната каматна стапка на денарските депозити во март 2010 година е иста со стапката во февруари 2010 година, односно изнесува 7,5%, додека на годишна основа истата бележи зголемување од 0,9 п.п. Просечната каматна стапка на девизните депозити е помала за 0,1 п.п. во споредба со стапката од претходниот месец и изнесува 3,2%, а на годишна основа таа е идентична со стапката од март 2009 година.

## 5. Социјален сектор

**5.1. Во првиот квартал 2010 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија се регистрирани вкупно 57.549 засновани нови работни односи. Од**

[3] Почнувајќи од јануари 2009 година депозитите вклучуваат пресметана камата

[4] Почнувајќи од јануари 2009 година депозитите вклучуваат пресметана камата

**вкупниот број нововработени, 37,5% се однесуваат на неопределено време, додека останатиот дел се однесуваат на определено време и вршење сезонски работи. Споредено со истиот период од минатата година се забележува намалување на бројот на засновани нови работни односи за 1,4%.**

Во текот на март засновани се 20.175 нови работни односи, од кои 15,2% се од евиденцијата на невработени. Одливот на лица од регистарот на Агенцијата за вработување на Република Македонија во март изнесува 10.854, од кои 47,9% претставуваат нови засновани работни односи. Како прилив во Агенцијата се регистрирани 9.775 лица, од кои 18,4% се лица на кои им престанал работниот однос.




**Резултатот е намалување на невработеноста за 1.079 лица, односно за 0,3% во однос на претходниот месец. Така, во март 2010 година бројот на невработени лица изнесува 341.720.**

Споредено со истиот месец од минатата година, бројот на невработени лица е намален за 2,7%.

Најголем дел од невработените, односно 66,4% се од урбани средини (градско население), додека 57,6% се мажи. Анализирано според степенот на образование, поголемиот дел, односно 52,5% од невработените се неквалификувани или полуквалификувани, додека само 7,7% имаат вишо или повисоко ниво на образование. Гледано според возрасни групи, најголемиот дел или 58,6% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, околу 49,6% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 29,6% чекаат вработување 8 и повеќе години.

**5.2. Во март 2010 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 272.228 пензионери, што претставува намалување од 0,3% во однос на истиот месец од минатата година. Во однос на претходниот месец бројот на корисници на пензија е намален за 1.424 лица.**

За исплата на пензии во март се потрошени 2.730,25 милиони денари, што претставува 51,9% од вкупните социјални трансфери во владиниот Буџет.




Во март 2010 година вредноста на просечната пензија изнесуваше 10.104 денари, што на годишно ниво претставува зголемување од 2,4%. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во февруари 2010 година (последни расположиви податоци) изнесуваше 49,7%.

**5.3. Просечната месечна нето плата во периодот јануари-февруари 2010 година (последни расположиви податоци) споредена со истиот период од 2009 година бележи номинален раст од 3,5%, додека реално просечната плата е повисока за 3,1%.**

Во февруари 2010 година просечната нето плата по вработен изнесуваше 20.240 денари. Просечната месечна нето плата во февруари 2010 година споредена со истиот месец од 2009 година бележи номинален раст од 3,3%, додека реално просечната плата е повисока за 2,7%. Процентот на вработени кои не примиле плата во февруари 2010 година изнесува 3,3% и е повисок за 0,5 п.п. во однос на лани.



# П Р И Л О Г
## ТАБЕЛИ И ГРАФИКОНИ

# МАКРОЕКОНОМИЈА

## Табела 1. Основни макроекономски индикатори на Република Македонија

| | | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Реален раст на БДП** | % | 4,5 | -4,5 | 0,9 | 2,8 | 4,1 | 4,1 | 4,0 | 5.9 | 4,8 | -0,7 |
| **БДП (по тековни цени)** | ЕУР мил. | 3.893 | 3.839 | 4.001 | 4.105 | 4.325 | 4.676 | 5.081 | 5.791 | 6.504 | 6,637 |
| **Инфлација (просек)** | % | 5,8 | 5,5 | 1,8 | 1,2 | -0,4 | 0,5 | 3,2 | 2,3 | 8,3 | -0,8 |
| **Инфлација (крај на период)** | % | 6,1 | 3,7 | 1,1 | 2,6 | -1,9 | 1,2 | 2,9 | 6,1 | 4,1 | -1,6 |
| **БДП дефлатор** | % | 8,2 | 3,6 | 3,4 | 0,3 | 1,3 | 3,8 | 4,4 | 7,6 | 7,3 | 2,8 |
| **Буџетско салдо** | % БДП | 2,5 | -6,3 | -5,6 | -1,0 | 0,0 | 0,2 | -0,5 | 0,6 | -1,0 | -2,7 |
| **Девизен курс, просек** | ДЕН/1USD | 65,9 | 68,1 | 64,7 | 54,3 | 49,4 | 49,3 | 48,8 | 44,7 | 41,0 | 44,0 |
| **Девизен курс, просек** | ДЕН/1EUR | 60,7 | 60,9 | 61,0 | 61,3 | 61,3 | 61,3 | 61,2 | 61,2 | 61,2 | 61,2 |
| **Девизен курс, крај на период** | ДЕН/1USD | 65,3 | 69,2 | 58,6 | 49,9 | 45,9 | 51,7 | 46,5 | 42,0 | 43,6 | 42,7 |
| **Девизен курс, крај на период** | ДЕН/1EUR | 60,8 | 61,0 | 61,1 | 61,3 | 61,4 | 61,2 | 61,2 | 61,2 | 61,4 | 61,2 |
| **Извоз (Ф.О.Б.)** | ЕУР мил. | | | | 1.203 | 1.345 | 1.643 | 1.903 | 2.442 | 2.684 | 1,920 |
| **Увоз (Ф.О.Б.)** | ЕУР мил. | | | | 1.956 | 2.259 | 2.501 | 2.923 | 3.616 | 4.421 | 3,471 |
| **Трговски биланс** | ЕУР мил. | | | | -753 | -914 | -859 | -1.021 | -1.175 | -1.737 | -1,551 |
| **- како % од БДП** | % | | | | -18,3 | -21,1 | -18,4 | -20,1 | -20,3 | -26,7 | -23,4 |
| **Биланс на тековна сметка** | ЕУР мил. | | | | -168 | -363 | -121 | 45 | -415 | -851 | -483 |
| **- како % од БДП** | % | | | | -4,1 | -8,4 | -2,6 | 0,9 | -7,2 | -13,1 | -7,3 |
| **Девизни резерви** | ЕУР млд. | 0,77 | 0,88 | 0,70 | 0,72 | 0,72 | 1,12 | 1,42 | 1,52 | 1,50 | 1,58 |
| **Покривање на увозот (резерви/увоз)** | месеци | 3,7 | 4,7 | 4,0 | 3,9 | 3,3 | 3,6 | 4,2 | 4,0 | 3,5 | 4,4 |
| **Бруто надворешен долг** | ЕУР млд. | | | | | 2.071 | 2.518 | 2.494 | 2.832 | 3.318 | 3.839 |
| **- како % од БДП** | % | | | | | 47,9 | 53,9 | 49,1 | 48,9 | 51,0 | 57,8 |
| **Странски директни инвестиции** | ЕУР мил. | | | | 100 | 261 | 77 | 346 | 506 | 413 | 181 |
| **- како % од БДП** | % | | | | 2,4 | 6,0 | 1,6 | 6,8 | 8,7 | 6,3 | 2,7 |

Извор: Државен завод за статистика, Министерство за финансии и Народна банка на Република Македонија

## Табела 2. Одбрани макроекономски индикатори во одделни економии

| | Бугарија | Чешка | Естонија | Унгарија | Латвија | Литванија | Полска | Романија | Словачка | Словенија | Хрватска | Малта | Турција |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **БДП (годишна стапка на реален раст)** | | | | | | | | | | | | | |
| 2006 | 6,3 | 6,8 | 10,4 | 4,0 | 12,2 | 7,8 | 6,2 | 7,9 | 8,5 | 5,9 | 4,8 | 3,3 | 6,9 |
| 2007 | 6,2 | 6,0 | 6,3 | 1,2 | 10,0 | 8,9 | 6,6 | 6,2 | 10,4 | 6,8 | 5,6 | 4,2 | 4,7 |
| 2008 | 6,0 | 3,2 | -3,6 | 0,6 | -4,6 | 3,0 | 5,0 | 7,1 | 6,4 | 3,5 | 2,4 | 2,5 | 1,1 |
| 2009 | -4,9 | 4,2 | -14,1 | -6,3 | -18,0 | -15,0 | 1,7 | -7,1 | -4,7 | -7,8 | -5,8 | -2,0 | -4,7 |
| 2008 К-1 | 7,0 | 2,8 | -0,3 | 1,9 | 0,5 | 6,9 | 6,5 | 8,5 | 9,7 | 6,0 | 4,3 | 2,4 | 7,2 |
| К-2 | 7,1 | 3,8 | -1,2 | 2,2 | -1,8 | 5,1 | 5,9 | 9,6 | 7,3 | 5,4 | 3,4 | 2,8 | 2,8 |
| К-3 | 6,8 | 3,4 | -3,2 | 1,4 | -5,2 | 2,1 | 5,5 | 9,4 | 6,8 | 3,6 | 1,6 | 2,6 | 1,0 |
| К-4 | 3,5 | 0,1 | -9,2 | -2,5 | -10,3 | -2,2 | 2,6 | 3,1 | 1,6 | -0,8 | 0,2 | 0,7 | -6,5 |
| 2009 К-1 | -3,5 | 3,9 | -15,0 | -6,7 | -17,8 | -13,3 | 0,9 | -6,2 | -5,7 | -8,2 | -6,7 | -2,0 | -14,5 |
| К-2 | -4,9 | 5,2 | -16,1 | -7,5 | -18,4 | -19,5 | 1,2 | -8,7 | -5,5 | -9,2 | -6,3 | -3,9 | -7,7 |
| К-3 | -5,4 | 5,0 | -15,6 | -7,1 | -19,0 | -14,2 | 1,2 | -7,1 | -4,9 | -8,3 | -5,7 | -2,4 | -2,9 |
| К-4 | -5,9 | 2,8 | -9,5 | -4,0 | -16,9 | -12,8 | 3,3 | -6,5 | -2,6 | -5,5 | -4,5 | 0,5 | 6,0 |
| 2010 К-1 | * | * | * | 0,1 | * | -2,9 | * | * | 4,6 | * | * | * | * |
| **Инфлација (CPI, годишна процентна промена)** | | | | | | | | | | | | | |
| 2006 | 7,4 | 2,1 | 4,4 | 4,0 | 6,6 | 3,8 | 1,3 | 6,6 | 4,3 | 2,5 | 3,2 | 2,6 | 9,6 |
| 2007 | 7,6 | 3,0 | 6,7 | 7,9 | 10,1 | 5,8 | 2,6 | 4,9 | 1,9 | 3,8 | 2,9 | 0,7 | 8,8 |
| 2008 | 12,0 | 6,3 | 10,6 | 6,0 | 15,3 | 11,1 | 4,2 | 7,9 | 3,9 | 5,5 | 6,1 | 4,7 | 10,4 |
| 2009 | 2,5 | 0,6 | 0,3 | 4,0 | 3,4 | 4,4 | 4,0 | 5,6 | 1,0 | 0,9 | 2,4 | 1,9 | 6,3 |
| 2008 К-1 | 12,4 | 7,5 | 11,3 | 6,9 | 16,2 | 10,8 | 4,5 | 8,0 | 3,4 | 6,5 | 5,9 | 4,0 | 8,8 |
| К-2 | 14,0 | 6,7 | 11,5 | 6,8 | 17,5 | 12,3 | 4,3 | 8,6 | 4,0 | 6,4 | 6,6 | 4,2 | 10,3 |
| К-3 | 12,5 | 6,5 | 11,0 | 6,3 | 15,6 | 12,0 | 4,3 | 8,2 | 4,4 | 6,2 | 7,4 | 5,3 | 11,7 |
| К-4 | 9,1 | 4,4 | 8,7 | 4,2 | 11,9 | 9,5 | 3,6 | 6,9 | 3,9 | 3,2 | 4,5 | 5,2 | 10,9 |
| 2009 К-1 | 5,1 | 1,5 | 3,7 | 2,7 | 9,0 | 8,5 | 3,6 | 6,8 | 2,3 | 1,7 | 3,8 | 3,5 | 8,4 |
| К-2 | 3,1 | 1,0 | 0,2 | 3,6 | 4,5 | 4,9 | 4,2 | 6,1 | 1,1 | 0,6 | 2,9 | 3,4 | 5,7 |
| К-3 | 0,8 | 0,2 | -0,9 | 4,9 | 1,2 | 2,4 | 4,3 | 4,9 | 0,6 | -0,3 | 1,2 | 0,9 | 5,3 |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| К-4 | 0,9 | 0,1 | -2,0 | 4,9 | -1,3 | 1,8 | 3,8 | 4,5 | -0,1 | 1,4 | 1,7 | -0,3 | 5,7 |
| 2010 К-1 | 1,9 | 0,4 | 0,0 | 5,8 | -3,9 | -0,4 | 3,4 | 4,6 | 0,0 | 1,7 | 1,1 | 0,8 | 9,3 |
| **Стапка на невработеност (ILO дефиниција)** | | | | | | | | | | | | | |
| 2006 | 9,0 | 7,2 | 5,9 | 7,5 | 6,8 | 5,6 | 13,9 | 7,3 | 13,4 | 6,0 | 11,1 | 7,1 | 10,2 |
| 2007 | 6,9 | 5,3 | 4,7 | 7,4 | 6,0 | 4,3 | 9,6 | 6,4 | 11,1 | 4,9 | 9,6 | 6,4 | 10,3 |
| 2008 | 5,6 | 4,4 | 5,5 | 7,8 | 7,5 | 5,8 | 7,1 | 5,8 | 9,5 | 4,4 | 8,4 | 5,9 | 9,8 |
| 2009 | 6,9 | 6,7 | 14,1 | 10,1 | 17,6 | 13,9 | 8,3 | 7,2 | 12,1 | 6,0 | 9,1 | 7,0 | 12,9 |
| 2008 К-1 | 6,5 | 4,7 | 4,2 | 8,0 | 6,5 | 4,9 | 8,1 | 6,3 | 10,5 | 5,1 | 10,0 | 6,1 | 10,6 |
| К-2 | 5,8 | 4,2 | 4,0 | 7,6 | 6,3 | 4,5 | 7,1 | 5,6 | 10,0 | 4,1 | 7,9 | 5,7 | 8,2 |
| К-3 | 5,1 | 4,3 | 6,2 | 7,7 | 7,2 | 6,0 | 6,6 | 5,4 | 8,9 | 4,1 | 7,0 | 5,8 | 9,1 |
| К-4 | 5,0 | 4,4 | 7,6 | 8,0 | 9,9 | 7,9 | 6,7 | 5,8 | 8,6 | 4,3 | 8,7 | 6,2 | 11,3 |
| 2009 К-1 | 6,4 | 5,8 | 11,8 | 9,7 | 14,3 | 12,1 | 8,4 | 7,2 | 10,4 | 5,4 | 9,4 | 6,6 | 14,5 |
| К-2 | 6,4 | 6,4 | 13,6 | 9,6 | 17,2 | 13,7 | 8,0 | 6,6 | 11,3 | 5,7 | 8,9 | 7,0 | 12,5 |
| К-3 | 6,7 | 7,4 | 15,0 | 10,4 | 18,6 | 14,0 | 8,2 | 7,2 | 12,6 | 6,3 | 8,7 | 6,9 | 12,4 |
| К-4 | 8,0 | 7,3 | 15,9 | 10,5 | 20,1 | 15,8 | 8,6 | 7,8 | 13,9 | 6,6 | 9,2 | 7,5 | 12,0 |
| 2010 К-1 | 8,6 | 7,8 | * | 11,0 | 21,6 | * | 9,0 | * | 14,1 | 6,2 | 9,3 | 7,0 | * |

Извор: Eurostat, Crostat, Turkstat

*Податоците не се објавени

## Табела 3. Бруто домашен производ по производствен метод (годишни реални стапки на раст, во % )

| | Земјоделство, лов, шумарство и рибарство | Вадење руди и камен, преработувачка индустрија и снабдување со еле. енергија, гас и вода | Градежништво | Трговија на големо и трговија на мало; | Хотели и ресторани | Сообраќај, складирање и врски | Финансиско посредување, активности во врска со недвижен имот, изнајмување и импутирани станарини | Јавна управа и одбрана, социјална заштита, образование, здравство и социјална работа | Импутиранибанкарски услуги | Додадена вредност | Нето-даноци на производство | БРУТОДОМАШЕН ПРОИЗВОД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | А + Б | В + Г + Д | Ѓ | Е | Ж | З | Ѕ + И + Љ | Ј + К + Л | | | | |
| **2002** | -2.0 | -0.8 | 0.6 | 5.4 | 16.7 | -1.8 | -3.7 | 3.5 | 1.8 | 0.4 | 3.3 | 0.9 |
| **2003** | 4.8 | 5.0 | 13.3 | 1.8 | 9.6 | 0.4 | -3.6 | 4.9 | -1.2 | 3.3 | 0.6 | 2.8 |
| **2004** | 6.2 | -0.8 | 7.4 | 15.7 | -11.3 | -4.8 | 11.8 | -0.6 | 12.5 | 4.0 | 4.4 | 4.1 |
| **2005** | 0.1 | 2.7 | 0.9 | 4.7 | 1.5 | 10.4 | -1.9 | 4.7 | 21.9 | 2.3 | 15.4 | 4.1 |
| **2006** | 5.0 | 2.4 | 12.9 | 7.3 | 7.5 | 10.6 | 9.4 | 2.3 | 20.3 | 5.4 | -3.1 | 3.9 |
| **2007** | -2.9 | 9.3 | 3.9 | 6.7 | 10.9 | 10.4 | 8.1 | 2.1 | 16.8 | 5.5 | 8.3 | 5.9 |
| **2008** | 5.7 | 3.5 | -3.2 | 0.8 | 5.9 | 12.1 | 8.7 | 4.5 | 4.5 | 4.7 | 5.6 | 4.8 |
| **2009** | 4.0 | -9.4 | 9.6 | 1.5 | -4.8 | -4.6 | 7.1 | 3.6 | 11.2 | -0.4 | -2.0 | -0.7 |
| **2008 К-1** | 1.4 | 7.7 | -5.3 | 3.3 | 14.5 | 14.1 | 11.8 | 3.9 | -0.5 | 7.0 | 3.2 | 6.4 |
| **К-2** | 7.0 | 10.9 | -3.6 | 2.7 | 3.2 | 21.0 | 13.2 | 4.0 | 4.5 | 8.5 | 4.9 | 7.9 |
| **К-3** | 13.0 | 11.0 | -8.9 | -0.6 | 4.6 | 11.5 | 7.9 | 4.8 | 5.2 | 6.5 | 6.4 | 6.4 |
| **К-4** | 1.9 | -7.5 | 4.1 | -2.2 | 3.5 | 2.5 | 5.6 | 5.1 | 8.6 | -0.1 | 7.3 | 1.2 |
| **2009 К-1** | 2.9 | -13.4 | 9.2 | 1.3 | -4.5 | -3.6 | 9.2 | 3.3 | 12.9 | -1.6 | 2.7 | -0.9 |
| **К-2** | 4.3 | -13.7 | 14.4 | 0.3 | -6.4 | -8.4 | 5.3 | 4.5 | 1.6 | -1.7 | -0.2 | -1.4 |
| **К-3** | 4.9 | -13.4 | 7.5 | 2.1 | -4.1 | -2.3 | 8.2 | 3.5 | 7.4 | -1.0 | -5.6 | -1.8 |
| **К-4** | 3.7 | 3.5 | 7.4 | 2.4 | -4.1 | -3.8 | 5.9 | 3.3 | 23.2 | 2.3 | -3.9 | 1.2 |

Извор: Државен завод за статистика

**График 1: БРУТО ДОМАШЕН ПРОИЗВОД**

(реални стапки на раст, К/К - 4)




Извор: ДЗС

**Табела 4. Бруто домашен производ по расходен метод (годишни реални стапки на раст, во %)**

| | БДП | Финална потрошувачка | | | Бруто инвестиции | Извоз на стоки и услуги | Увоз на стоки и услуги |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | Лична | Јавна | | | |
| **2002** | 0.9 | 6.3 | 12.5 | -11.1 | 13.1 | -5.2 | 9.7 |
| **2003** | 2.8 | -3.3 | -1.5 | -9.9 | -2.4 | -5.7 | -15.2 |
| **2004** | 4.1 | 6.5 | 8.1 | 0.2 | 13.4 | 15.4 | 19.5 |
| **2005** | 4.2 | 4.6 | 5.7 | 0.4 | -5.0 | 13.0 | 7.7 |
| **2006** | 4.0 | 5.2 | 6.0 | 1.8 | 9.6 | 8.4 | 11.0 |
| **2007** | 5.9 | 8.0 | 9.8 | 0.4 | 13.3 | 14.3 | 17.4 |
| **2008** | 4.8 | 8.2 | 8.1 | 8.8 | 4.9 | -7.6 | 0.0 |
| **2009** | -0.7 | -0.7 | 0.2 | -4.7 | -9.2 | -8.2 | -10.7 |
| **2006 К-1** | 6.7 | 12.3 | 16.1 | -1.2 | -15.5 | 20.3 | 20.2 |
| **К-2** | 3.4 | 6.8 | 6.6 | 7.5 | 21.2 | 10.2 | 19.6 |
| **К-3** | 4.8 | 0.7 | 0.7 | 0.8 | 6.1 | 24.8 | 13.9 |
| **К-4** | 1.1 | 2.4 | 2.9 | 0.2 | 6.0 | 2.0 | 5.4 |
| **2007 К-1** | 5.5 | 6.6 | 7.6 | 2.7 | 16.9 | 22.7 | 20.8 |
| **К-2** | 4.2 | 7.5 | 10.4 | -3.9 | -29.1 | 21.3 | 6.9 |
| **К-3** | 5.2 | 8.3 | 9.2 | 4.5 | 38.6 | 1.0 | 16.0 |
| **К-4** | 8.3 | 9.2 | 11.6 | -1.2 | 34.5 | 9.1 | 20.8 |
| **2008 К-1** | 6.4 | 6.8 | 7.6 | 3.7 | 43.8 | -12.1 | -0.1 |
| **К-2** | 7.9 | 7.1 | 7.2 | 7.1 | 60.0 | -12.9 | 4.7 |
| **К-3** | 6.4 | 7.6 | 8.9 | 1.5 | -3.8 | -1.8 | -2.2 |
| **К-4** | 1.2 | 10.9 | 8.5 | 22.2 | -26.8 | -3.3 | -1.8 |
| **2009 К-1** | -0.9 | 2.0 | 3.1 | -2.0 | 14.8 | -15.9 | -0.3 |
| **К-2** | -1.4 | -2.0 | -2.5 | 0.3 | -19.6 | -6.6 | -16.1 |
| **К-3** | -1.8 | -0.4 | -1.0 | 2.4 | -26.7 | -7.1 | -17.7 |
| **К-4** | 1.2 | -2.1 | 1.5 | -16.6 | 0.3 | -3.7 | -7.3 |

## Табела 5. Индустрија (производство, вработеност и продуктивност), годишни промени во %

| | Индустриско производство | | | | Вработеност | | | | Продуктивност | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | Вадење на руди и камен | Преработувачка индустрија | Електрична енергија, гас и вода | **Вкупно** | Вадење на руди и камен | Преработувачка индустрија | Електрична енергија, гас и вода | **Вкупно** | Вадење на руди и камен | Преработувачка индустрија | Електрична енергија, гас и вода |
| **2002** | -5,3 | -24,5 | -4,7 | -3,8 | -6,6 | -7,3 | -7,5 | 5,7 | 1,4 | -18,6 | 3,0 | -9,0 |
| **2003** | 4,7 | -39,1 | 5,9 | 9,8 | -5,5 | -1,9 | -6,4 | 1,9 | 10,8 | -37,9 | 13,1 | 7,8 |
| **2004** | -2,2 | -5,0 | -2,1 | -2,6 | -6,5 | -7,7 | -5,9 | -10,3 | 4,6 | 2,9 | 4,0 | 8,6 |
| **2005** | 7,0 | 40,4 | 7,3 | 2,5 | -4,3 | -3,7 | -4,6 | -1,7 | 11,8 | 45,8 | 12,5 | 4,3 |
| **2006** | 3,6 | 11,5 | 3,6 | 0,8 | -3,4 | -0,6 | -3,6 | -4,3 | 7,2 | 12,2 | 7,5 | 5,3 |
| **2007** | 3,7 | 9,8 | 5,2 | -9,5 | -1,0 | -6,3 | -0,2 | -2,2 | 4,7 | 17,2 | 5,4 | -7,5 |
| **2008** | 5,5 | 9,9 | 6,3 | -3,1 | -1 | -8,3 | -0,1 | -1,9 | 6,6 | 19,8 | 6,4 | -1,2 |
| **2009** | -7.7 | -12.3 | -9.3 | 8.8 | -6.6 | -9.8 | -6,8 | -2.1 | -1.2 | -2.8 | -2.7 | 11.3 |
| **2008 К-1** | 5,8 | 11,9 | 6,6 | -0,8 | -0,2 | -7,5 | 0,9 | -2,7 | 6 | 20,9 | 5,6 | 1,9 |
| **К-2** | 12 | 13,9 | 12,9 | 3,2 | -0,5 | -9,3 | 0,6 | -2,6 | 12,6 | 25,7 | 12,2 | 6 |
| **К-3** | 13 | 3,4 | 14,6 | 2 | -0,4 | -8,3 | 0,6 | -1,1 | 13,5 | 12,8 | 13,9 | 3,2 |
| **К-4** | -7,6 | 11,9 | -7,8 | -10,9 | -3 | -8,4 | -2,6 | -1,2 | -4,7 | 22,2 | -5,4 | -9,8 |
| **2009 К-1** | -10,8 | -12,6 | -12,1 | -1,6 | -4,4 | -6,8 | -4,6 | -0,3 | -6,7 | -6,2 | -7,8 | -1,3 |
| **К-2** | -13,1 | -19 | -15,2 | 17,1 | -5,7 | -9,3 | -5,6 | -2,3 | -7,9 | -10,7 | -10,2 | 19,9 |
| **К-3** | -13,2 | -10,9 | -15,2 | 10,5 | -8,9 | -12,5 | -9,3 | -2,9 | -4,6 | 1,9 | -6,6 | 13,8 |
| **К-4** | 7,8 | -6,4 | 7,9 | 14,2 | -7,5 | -10,7 | -7,7 | -2,6 | 16,5 | 4,7 | 16,9 | 17,3 |
| **2010 К-1** | -9,1 | -3,6 | -14,3 | 19,5 | -7,1 | -8,4 | -7,4 | -2,7 | -2,2 | 5,3 | -7,4 | 20,3 |
| **2009 I** | -16,7 | -23,7 | -18,7 | -4,6 | -3,4 | -6,2 | -3,4 | -0,1 | -13,8 | -18,7 | -15,8 | -4,5 |
| **II** | -11,3 | -21,9 | -11,4 | -6,5 | -4,4 | -6,7 | -4,6 | -0,2 | -7,2 | -16,3 | -7,1 | -6,3 |
| **III** | -4,8 | 8,7 | -7,2 | 7,0 | -5,4 | -7,4 | -5,7 | -0,6 | 0,6 | 17,4 | -1,6 | 7,6 |
| **IV** | -7,7 | -8,2 | -8,5 | -0,3 | -4,7 | -7,5 | -4,8 | -0,5 | -3,1 | -0,8 | -3,9 | 0,2 |
| **V** | -15,3 | -18,1 | -18,7 | 26,1 | -6,0 | -9,8 | -5,8 | -3,6 | -9,9 | -9,2 | -13,7 | 30,8 |
| **VI** | -16,2 | -30,8 | -18,4 | 25,5 | -6,3 | -10,5 | -6,2 | -2,9 | -10,6 | -22,7 | -13,0 | 29,2 |
| **VII** | -19,8 | -24,0 | -21,6 | 5,7 | -7,5 | -11,8 | -7,6 | -2,9 | -13,3 | -13,8 | -15,2 | 8,9 |
| **VIII** | -9,9 | -6,2 | -12,7 | 21,2 | -9,8 | -12,9 | -10,2 | -2,8 | -0,1 | 7,7 | -2,8 | 24,7 |
| **IX** | -9,8 | -2,4 | -11,4 | 4,6 | -9,6 | -12,9 | -10 | -3 | -0,2 | 12,1 | -1,6 | 7,8 |
| **X** | -0,9 | -6,4 | -2,3 | 13,8 | -8,8 | -11,1 | -9,3 | -2,2 | 8,7 | 5,3 | 7,7 | 16,4 |
| **XI** | 4,3 | -4 | 3,5 | 14,8 | -6,9 | -10,4 | -7 | -2,8 | 12 | 7,1 | 11,3 | 18,1 |
| **XII** | 20 | -8,9 | 22,7 | 14 | -6,7 | -10,5 | -6,8 | -2,9 | 28,6 | 1,8 | 31,7 | 17,4 |
| **2010 I** | -2,9 | 11,4 | -8,2 | 16,7 | -7,1 | -9,3 | -7,3 | -2,9 | 4,5 | 22,8 | -1,0 | 20.2 |
| **II** | -13,1 | 0,9 | -20,7 | 31,2 | -7,6 | -8,3 | -8,1 | -3,0 | -6,0 | 10,0 | -13,7 | 20.3 |
| **III** | -11,2 | -23,2 | -13,9 | 10,6 | -6,5 | -7,6 | -6,8 | -2,3 | -5,0 | -16,9 | -7,6 | 20.4 |

Извор: Државен завод за статистика и сопствени пресметки

## Табела 6. Цени, годишни стапки на раст (во %)

| | Индекс на потрошувачки цени | | | | | | | | | | Индекс на цени на мало | Индекс на цени на производители на индустриски производи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Исхрана | Тутун и пијалаци | Облека и обувки | Домување | Хигиена и здравје | Култура и разонода | Сообраќајни средства и услуги | Ресторани и хотели | Останати услуги | | |
| **2002** | 1,8 | 1,8 | 1,0 | 6,8 | 1,7 | -3,8 | 3,6 | 2,1 | - | - | 1,4 | -0,9 |
| **2003** | 1,2 | -1,4 | 3,4 | 2,2 | 3,9 | 3,9 | 2,2 | 4,2 | - | - | 2,4 | -0,3 |
| **2004** | -0,4 | -3,1 | 1,1 | 0,9 | 2,2 | 0,4 | 1,3 | 4,0 | - | - | 0,9 | 0,9 |
| **2005** | 0,5 | -1,2 | 5,5 | 2,2 | 0,4 | -3,5 | 0,9 | 3,7 | - | - | 2,1 | 3,2 |
| **2006** | 3,2 | 2,2 | 17,8 | 0,2 | 2,0 | 2,0 | 6,4 | 1,8 | - | - | 3,9 | 7,3 |
| **2007** | 2,3 | 3,9 | 1,8 | 1,8 | 4,7 | 0,3 | 2,4 | -3,1 | 4,7 | 8,6 | 2,6 | 2,6 |
